Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) Градоначалникот на Општина Центар-Скопје го издава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Детален урбанистички план Градска четврт И 04 - Даре Џамбаз, Општина Центар, плански период 2017-2022 дека Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе Одлука за спроведување на

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
## по Предлог Детален урбанистички план Градска четврт И 04 - Даре Џамбаз Општина Центар, плански период 2017-2022

Границата на зафатот е дефинирана:
- На **североисток** по оската на ул.„11 Октомври",
- На **југозапад** по оската на бул.„Македонија" („Јужен булевар"),
- На **северозапад и запад** по оската на бул.„Кочо Рацин".

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 7,85 ха.

**Јавната презентација** по Предлог Детален урбанистички план Градска четврт И 04 - Даре Џамбаз, Општина Центар, плански период 2017-2022 **ќе се одржи во** просториите на **Општина Центар-Скопје** (ул.„Михаил Цоков" бб) **во сала за состаноци, барака 6, на ден 27.6.2018 година (среда) во 13.00 часот.**

Предлог Детален урбанистички план Градска четврт И 04 - Даре Џамбаз, Општина Центар, плански период 2017-2022 **ќе биде изложен во** просториите на урбана заедница „Роберт Гајдиќ" (ул.„Кочо Рацин" бб) **секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот, од 18.6.2018 до 29.6.2018 година.**

**Соопштението** за организирање на јавна презентација и јавна анкета **ќе биде објавено на** веб страната на Општина Центар-Скопје **www.centar.gov.mk, на информацискиот** систем **е-урбанизам и во дневните весници „Слободен печат" и „Вечер".**

Контакт телефони **3203 605** и **3203 660** и email: **planiranje@centar.gov.mk.**

Во определениот рок заинтересираните физички и правни лица можат да доставуваат анкетни листови со забелешки и предлози по предлог планот.

Бр. 09-662/6
11.6.2018 год.
Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Саша Богдановиќ**